# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 282** **27 декември 2023, среда** **година LXXIX**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4918. | **Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија................................ | **2** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4918.**

Врз основа на член 211 став (2) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија", бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19, 14/20, 171/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 декември 2023 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИТЕ СПЕЦИЈАЛНОСТИ ОД ОСОБЕНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Уредбата за утврдување на посебните специјалности од особено значење за Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 286/22), во член 2 во точката 1 по зборот „Армијата" се става запирка и се додаваат зборовите „Воената академија".

Точката 7., се менува и гласи:

„7. Работни места и должности во баталјонот на специјални сили.".

Точката 8. се менува и гласи:

„8. Работни места и должности во извидувачко разузнавачкиот баталјон и во четата за воено разузнавање во Првата пешадиска бригада.".

Точката 9. се менува и гласи:

„9. Работни места и должности во баталјонот на Воена полиција и во водот на воена полиција во Првата пешадиска бригада:

9.1. Командант на бВП, командир на чета во ВП, заменик командир на чета во ВП, командир на вод на ВП и на водот на воена полиција во Првата пешадиска бригада, командир на одделение на ВП и на водот на воена полиција во Првата пешадиска бригада, командир на одделение за сузбивање на криминалитетот/истраги на кривични дела и компјутерски криминал во одбраната, командир на вод за техничка заштита и обезбедување, командир на одделение за техничка заштита и командир на одделение за противдиверзиона заштита,

9.2. Началник на штаб во бВП, штаб, останати во командата, останати во командата во чета на ВП, останати во водови и одделенија на ВП и останати во водот на воена полиција во Првата пешадиска бригада, останати во одделение за сузбивање на криминалитетот/истраги на кривични дела и компјутерски криминал во одбраната, извршител и помошник извршител за техничка заштита и извршител и помошник извршител за противдиверзиона заштита.".

Точката 14. се менува и гласи:

„14. Работни места и должности во Секторот-Служба за воена безбедност и разузнавање, во секциите Ј-2, Г-2, А-2 и С-2 и останати работни места и должности кои се однесуваат на разузнавање, контраразузнавање и безбедност во Армијата:

14.1. Раководител на Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање,

14.2. Помошник на раководителот на Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање, началници на Ј-2 во Генералштабот на Армијата и Ј-2 во Командата за операции,

14.3. Раководители на одделенија во Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање, началници на одделенија во Ј-2 во Генералштабот на Армијата и Ј-2 во Командата за операции, началници на С-2 во 1. пешадиска бригада, С-2 и Г-2 во Команда за обука и доктрини, Логистичка база и А-2 во вВИНГ,

14.4. Началници на секции во А-2 и С-2 на ниво баталјон,

14.5. Офицер и подофицер за информатичка безбедност во Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање,

14.6. Систем инженер во Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање,

14.7. Овластени службени лица во Ј-2, Г-2, А-2 и С-2 секциите на Армијата во одделенијата за специјални операции  во Генералштабот на Армијата и Команда за операции и останат воен и цивилен персонал кој врши должности кои се однесуваат на разузнавање, контраразузнавање и безбедност во команди и единици на Армијата до ранг баталјон и во Секторот – Службата за воена безбедност и разузнавање.“.

Во точката 24. потточка 24.2. во алинејата 1 по зборот „баталјони,“ запирката се брише и се додаваат зборовите „и баталјонот за борбено сервисна поддршка,“.

По точката 24. се додаваат две нови точки 25. и 26., кои гласат:

„24. Работни места и должности во Одделението - подрегистар за класифицирани информации во Министерството за одбрана, во Одделението за безбедност на класифицирани информации во Генералштабот на Армијата, во Одделението за безбедност на класифицирани информации во Командата за операции и останати работни места и должности за заштита на класифицирани информации во Армијата.

25. Работни места и должности во Секторот за инспекција во одбраната и Секторот за внатрешна ревизија во Министерството за одбрана.“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-13412/4
26 декември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.